УДК 355/359(091)

Трајан ГОЦЕВСКИ

# ВОЕНО-ЕКОНОМСКА МИСЛА
## — филозофско-историски развој —

### Вовед

Историски гледано, сите општествени задници, покрај останатите претпоставки за опстанување и развој, нужно биле принудени да организираат одбранбени механизми способни да ја бранат заедницата од сите видови загрозувања кои подеднакво доаѓале од надвор и од внатре. Затоа и сите политички системи во своето опстојување неминовно граделе своја одбранбена и заштитна политика, организирале и издржувале сили и применувале најразновидни средства со цел одбранбено-заштитната функција успешно да ги остварува поставените задачи.

Притоа, на карактеристиките на одбраната влијаеле низа екстерни и интерни фактори кои делувале во конкретни историски рамки, но сепак два од нив имаат доминантно значење, а тоа се: 1. Степенот на развиеноста на производните сили во општеството и развиеноста на општеството во целина и, 2. Природата и карактерот на производните односи кои се владеачки во земјата.

Во таа смисла зборува и Клаузевиц велејќи дека „од новите појави во областа на воената вештина најмал дел треба да им се препише на новите пронајдоци или на воените идејни правци, а најмногу на новите општествени состојби и на условите".[1]

Според тоа вооружената сила и дејностите сврзани со неа, претставуваат класна категорија, се појавуваат на одреден степен на развиеност на производните сили и производните односи и ќе останат на историската сцена сè до постоењето на класите и државата како нивна творба на принуда.[2]

Паралелно со појавата на овој феномен што се сврзува со распаѓањето на првобитната заедница и појавата на приватната сопственост и класното општество, се развивала и филозофската, еко-

[1] Карл Клаузевиц, „О рату", ВИЗ Београд, 1951 год.

[2] Историски гледано воената сила станува и општествена појава која ги следи сите досегашни општества без разлика на нивните карактеристики — Т. Г.

номската и воената мисла, која ги следи законитостите и во оваа сфера и трасира патишта на натамошните нејзини манифестации.

Предмет на анализа во овој труд е токму развојот на воено-економската мисла низ историјата и тоа почнувајќи од стариот век па сè до современите сфаќања за овој мошне комплексен проблем.

## Анализа на проблемот

Теоретската разработка на феноменот на воената сила предизвикала интерес кај голем број учени луѓе уште од најраниот процут на науката и тоа во почетокот како попатно третирање на проблемите, заедно со останатите, за во понатамошната фаза да се јават мислители кои посебно се занимаваат со изучување на воената структура, со сите нејзини специфичности и манифестации.

Така, првите размисли за проблемите на воената сила ги сретнуваме во верската литература, филозофските и историските есеи, летописите, закониците итн.

Интересно е да се напомене дека во зачуваните пишувани трудови за воената дејност сретнуваме дијаметрално спротивни гледања и ставови кои се движат од нејзино целосно негирање, до нејзино прогласување за првостепена општествена потреба без која не може да се замисли опстојувањето на човековата заедница. Интересно е дека ваквото дијаметрално сфаќање за воената дејност се задржало до денес. Исто така, ако се направи ретроспектива на сфаќањата за улогата на воената сила во општеството, од најраниот период до денес, може да се заклучи дека таа се сведува на:

— потреба за сопствена заштита,

— поробување и вршење притисок врз другите,

— стекнување нови богатства и нови интересни сфери на влијание, и

— отворање хоризонти за натамошен стопански и општествен развој.

Позитивистичко сфаќање за војната се јавува уште во стариот век. Тогашните мислители вооружената сила ја сфаќале како нужна потреба за опстанок на просторите. Но еден дел од учените не го делеле ваквото мислење, бидејќи воената сила во себе имала насилство, а тоа не треба да биде особина на луѓето. Ова мислење особено го поддржувале Ciceron и Erazmo. Така Ciceron[3] — во своите филозофски мисли изнесува став дека „расправата со помош на силата (односно решавањето на проблемите во општеството со примена на принудни средства — Т. Г.) е карактеристично само за животните. Според тоа, овој филозоф застанал на страната на хуманите принципи во решавањето на проблемите. Сличен став кон ова прашање изградил и Erazmo[4] — кој директно зборува за војната опишувајќи ја како негативна светлина која создава крутост во односите. Така, тој војната и воената сила ја дефинира како

---

[3] Цицерон, „Филозофски списи", Култура — Београд 1955 год. стр. 63.
[4] Erazmo Roterdamski, „Похвала лудости", Култура — Београд 1955 год.

нешто многу нехумано, круто, што повеќе им прилега на дивите животни отколку на луѓето.

Понатаму, опстојувањето и сè поизразениот развој на овој феномен е следен и со теоретска мисла на тогашните учени при што особено се истакнува Sun Cu, историчар и филозоф на древна Кина. Тој светот го задолжил со првите оригинални пишувани трудови за оваа проблематика. Значењето на делото на овој мислител се состои во тоа што тој за првпат се појавил со труд на тема „Вештина на војувањето",[5] — во кој ги истражува причинско-последичните врски помеѓу државата и воената сила. Исто така тој за првпат ги анализира факторите од кои зависи резултатот на една војна, при што им дава предност на нематеријалните фактори односно на морално-психолошките, што до денес не е надминато. Инаку во кратки црти вредноста на неговото учење се состои во следното:

— ја анализира суштината на војната врз широки и темелни основи,

— војната ја дефинира како општествено-историска категорија, што го прифаќаат и класиците на марксизмот, само додавајќи ѝ го и класниот карактер,

— војната ја прифаќа како големо државно дело од кое зависи и судбината на државата,

— со воената сила е врзан животот и смртта на државата,

— ги анализира причините за војната и тоа: причините за настанување, водењето и резултатот од неа, што е исто така прв ваков приод во воената теорија,

— ги анализира факторите од кои зависи резултатот на војната, при што примат им дава на моралните фактори од кои зависи кој ќе победи.

Условите во Стара Грција биле специфични за развојот како на филозофската така и на воената мисла. Имено, таа била организирана по принципот градови-држави кои меѓу себе постојано се однесувале ривалски.[6] Тие биле мали (Атина имала 400.000 жители) и постојано покренувале иницијативи за создавање сојузи, меѓу кои се истакнувале Атинскиот, кој го зафаќал средоземноморскиот базен и Спартанскиот сојуз кој ги обединувал градовите околу Спарта. Државите од Атинскиот сојуз ги развивале стоко-паричните односи, изградиле силна флота и постојано имале аспирации за заземање нови колонии како извор на богатство и работна сила. Наспроти нив, државите од Спартанскиот сојуз го преферирале натуралното производство како најдобра форма на организација на стопанството. Ваквите состојби постојано ги заострувале односите и ривалството на овие сојузи кои често завршувале со војни. Таа состојба ги инспирирала учените да изградуваат ставови и да пишуваат дела за оваа проблематика, кои не ја изгубиле својата вредност до денес.

Еден од најистакнатите историчари од ова време, Tukidid, ќе посвети едно свое дело на проблемите на војувањето помеѓу Спарта

---

[5] Sun Cu, „Вештина ратовања", Култура — Београд, 1952 год.

[6] Andre Piettre, Histoire de la pansee economique et analyses des theories con.

и Атина под наслов „Пелопонеската војна“.[7] — Вредноста на ова дело покрај содржинската се состои и во методолошкото анализирање на проблемите, кои авторот успешно ги презентирал. Имено, тој поаѓа од анализа на општествените и економските односи во Стара Грција и врз таа основа ги утврдува противречностите што ги раѓаат тие односи.[8] Натаму тој заклучува дека кога ќе се натрупаат противречностите неминовно доаѓа потребата од нивно насилно разрешување, а тоа е војната. Продолжувајќи натаму, тој ги анализира причините за водење на војна, кои ги систематизирал во три основни групи и тоа:

1. Поради објективни причини,
2. Причини од економска природа,
3. Психолошки фактори.

Во првата група тој ги систематизирал следните причини: поголеми потреси во државата (најверојатно мисли на внатрешни нарушувања на односите бидејќи во Атина од 400.000 жители само 120.000 биле полноправни граѓани), сушата и гладот кои се појавувале почесто, појавите на епидемии итн.

Во втората група фактори ги систематизирал: материјалната корист, освојувањето плодна земја, подобрување на географската положба, заземање на морска обала, работна сила и сл.

Во третата група фактори ги споменува: стравот од соседните држави и тоа особено ако се засилуваат, спречување на опасноста од посилните итн. Тој исто така се обидел да ја дефинира војната како појава при што изнел мислење дека „таа е насилство на посилниот врз послабиот, со цел да се стекне одредена материјална корист“.

Во тоа време се појавило и делото на историчарот Arijan под наслов „Римски граѓански војни“, кое исто така третира воена проблематика. Авторот на ова дело застанува на страната на противниците на вооружените сили во општеството и на војната како состојба. Овој став тој го извлекол врз база на анализата на дотогаш водените војни при што заклучил дека:

— војните се воделе за збогатување на поединци,

— збогатувањето и престижот се однесува пред сè на владетелите,

— збогатувањето се врши преку одземање на туѓа земја и туѓ имот.

Според досега изнесеното, извлекол заклучок за силно спротиставување на постоењето на воена сила.

Неодминлив е и придонесот на филозофот Платон (427—342 г. п.н.е.) кој во делата „Република“ и „Закони“ ги изложил своите политички погледи, кои не ги одминале ниту воените. Тој како филозоф-идеалист ја разработил идејата за т.н. идеална држава, сочинета од три касти и тоа: управувачи, заштитници и производи-

---

[7] Tukidid „Peloponeski rat“ Matica Hrvatska, Zagreb, 1957 god.

[8] Атина и Спарта всушност претставуваат два модели (типа) на политички, економски и воени системи. Во оваа војна против Спарта 431—404 г. Атина војнички е поразена. — Т. Г.

тели.[9] Од аспект на одбраната битна е втората класа (каста), која според Платон, треба да се грижи за одбраната на земјата (идеалната држава). Исто така оваа категорија заштитници (војници) има задача и да ја проширува државата преку освојување на туѓи територии т.е. водење борби. Бидејќи нема постојано да се војува заштитниците (војската) не се распушта туку напротив во такви услови физички се подготвува и ги усовршува воените вештини. Тие живеат во аскеза и немаат свои домови. Според тоа, овој филозоф за првпат ја издиференцирал воената сила како посебен сегмент во општеството, им ја определил функцијата на заштитник на државата но и освојувачката и им го признава професионалниот статус.

И во времето на Римското царство, слично на Атина, се издиференцирале низа мисли за сфаќањето на воениот фактор, кои произлегуваат од процесот на преобразбата на родовската организација во државно устројство. Тој процес ги диференцира луѓето според нивниот имотен ценззус, па неминовно се издвоила класата робови која претставува основна производна сила. Тоа придонело да се создаваат воени единици кои имале задача: да ја бранат државата, да организираат грабежи на материјални добра и да донесуваат робови. Потребата од заштита владеачката класа ја гледала од сè позачестените напади од селаните кои ја барале одземената земја и робовите кои барале слобода и права.[10] Во тој период е регистрирана и опасноста од преземање на власта од страна на одредени амбициозни војсководители, кои во одделни војни успевале да донесат по 150—200.000 робови. Поважни мислители од ова време се: Катон, Варон, Колумела, Цицерон, Кар и др. Така Катон поради опасност од востание предлагал и превентивни мерки како што се: купување и малолетни робови кои се покорни; да живеат одделно (робовите) за да се избегне можноста за договор за бунт, да се спречи нивното здружување и здружено дејство и сл. Варон пак ги предвидувал внатрешните извори на загрозување и пропаст како што се: живеењето на робовладетелите надвор од латифундиите, можноста од востание на робовите и сл. Затоа тој предлагал робовите да бидат од разновидни народности, со што ќе се спречи можноста за заговор и востание.

Врз основа на досега изнесените ставови може да се оцени дека воената сила била позитивно оценувана бидејќи донесувала материјални користи. Тоа е периодот на создавање на оперативна војска т.е. војничка каста од чија дејност зависело богатството на земјата. Интересно е дека во тоа време секој војник сам си ја набавувал опремата и оружјето и сам се грижел за исхраната. Поради тоа на пример, атињанската војска била поделена на три класи и тоа: I класа која ја одржувала флотата, II класа биле коњаниците а III класа тешка пешадија. Најсиромашните слоеви биле

---

[9] Andre Pietre, „Historie de la pansee economique, Paris, 1959 a. p. 13.

[10] Востанието на Спартак во 70-те години п. н. е. од темели го разнишало Римското царство — Т. Г.

ослободувани од војничката обврска. Според тоа, во ова време причините и критериумите за формирање на воената сила биле економски.

Подоцна, во средниот век, настанува одредена ревизија на ставовите и мислењата за воената сила, која од ден на ден станувала економски неподнослива. Затоа се отвораат првите процеси за нејзина рационализација. Така, доаѓа до намалување на бројот на војниците, а ударна сила на војската станала коњаницата и витезите. Настанале промени и во издржувањето на војската која почнала да добива имот од феудалните господари, кој го обработувала за да се исхрани и вооружи. Во доцниот среден век со појавата на стокопаричните односи повторно се појавиле проблеми врзани за војската, бидејќи за нивното издржување веќе биле потребни пари. Оттогаш до денес, трошоците за војската постојано ги оптоваруваат државните буџети и апсорбираат дел од средствата кои можат да се насочат за други намени. Од тој период ги издвојуваме мислите на Тома Аквински, кој војната ја сметал за натприродна појава. Според Аквински за праведна војна се сметала онаа која ќе исполни три услови и тоа:

— да постои оправдана причина за војна,

— војната да ја води владарот,

— да постои волја и цел која треба да се оствари.

Исто така, според него, една држава за да има војска мора да има и одредено богатство.

Во овој период се појавиле низа мислители кои тежнеејќи да ги задоволат апетитите на своите владетели кои најчесто биле жедни за туѓи територии и богатства, ја бранеле војната а со тоа и постоењето на армии. Помеѓу нив најпознати се:

— Калдун, кој ја оправдувал дејноста на воената сила, постоењето на војската, војните и сл. тврдејќи дека државите се принудени да освојуваат, а тоа не може да се чини без војска.

— Макијавели, со познатата теза „дека целта ги оправдува средствата", т.е. давање право на владетелот и државата да стекнуваат богатства преку јакнење на моќта на вооружените сили кои ќе бидат способни за тоа.

— Хераклит, кој водењето на војна за робови го оправдувал со потребата од создавање услови за бавење со култура и други дејности на слободните граѓани, и

— Аристотел, кој ги оправдувал војните што се воделе за стекнување на материјална корист и имот.

Во подоцнежниот период на средновековието воениот фактор станува неодминлив и респективен чинител на вкупните државни односи и тоа како од аспект на силата така и од аспект на цената на таа сила. Во овој период за првпат доаѓа до нарушување помеѓу можноста на стопанството и димензиите на воената сила која трошела сè повеќе и станала доминантна во државните буџети. Така, Пруската држава во 1750 година за воени потреби трошела 88,3%

од државниот буџет кој изнесувал околу 9.400.000 талири.[11] Во тој период државите биле соочени со проблемот на обезбедување извори на средства за покривање на воените расходи, при што отпочнал процесот на заведување даноци, односно воведување т.н. фискална политика. Притоа, владетелските кругови често пати ја злоупотребувале оваа потрошувачка за воведување нови давачки кои се прошириле и опфаќале и присилни и доброволни заеми, кои потоа не се враќале на заемодавачите. Исто така, биле заведувани и царински давачки од кои се обезбедувале буџетски средства.

Од седумнаесеттиот век во општеството се појавуваат нови процеси кои почнале да го разлагаат феудалното општество и да отвораат простор за новите капиталистички продукциони односи. Основните карактеристики на овој период се состојат во следното:

— По долгогодишна стагнација се отвораат нови хоризонти на развојот, се развиваат нови градови, доаѓа до нови откритија во сите сфери на животот, зајакнуваат нови држави како Англија, Португалија, Шпанија, Франција и др.

— Доаѓа до нови географски откритија кои стануваат нови извори на факторите за производство но и нови пазари.

— Се развива извозната трговија која бара сериско производство, го отвора процесот на концентрација и централизација на капиталот, а тој пак го забрзува капиталистичкиот развој.

— Се променува односот на силите помеѓу земјите, па сега земјите кои стануваат економски империи стануваат и неприкосновени воени сили.

Овие промени оставиле траги и врз развојот на воената сила, а кои се однесуваат како на нејзиното место и улога така и на нејзината техничка опременост и структура. Така, таа веќе се редефинира и добива нова функција на заштитник на општествено-економското уредување на државата, технички се модернизира со нова опрема и оружје, се изменува нивната структура во смисла на формирање нови родови, како морнарицата, а се создаваат и нови формации, дивизии, корпуси, армии и сл.

И на теоретски план овие промени предизвикале појава на нови правци на мислење, како што е појавата на Меркантилизмот, како нова економска политика што требала да ја води државата, како прва теоретска разработка на современиот начин на производство и како прва анализа на движењето на капиталот и тоа на трговскиот.

Со оглед на сè подоминантното место на военото производство и на воениот фактор, во тој период меркантилизмот не можел да го одмине во своето учење. Така, се мислело дека „богатството на земјата, моќта на државата и воената сила зависат од количеството на пари со кои располага таа земја. Во таа смисла извозот имал

[11] Max Lanter, „Die finazierung des Krieges" Luzeren, 1950.

првостепено значење. Исто така тие сметале дека една земја може да се збогати само на сметка на друга".[12] Во тој дух, во тоа време биле водени и бројни војни.

Така Jean Colbert, развил теорија според која стопанската моќ на земјата е во служба на воената политика на владарот, па оттука и трговијата како извор на богатството претставува извор на финансиите а финансиите се животната срж на војната. Во таа функција Колбер, како министер за финансии на Франција изградил систем на царини и други заштитни бариери, заштита на домашните извори на суровини, изградил инфраструктура, создал стандарди во производството, привлекувал стручна работна рака од странство, изградил моќна флота и сл. Идентични гледања по овие прашања имале и останатите претставници на оваа школа како што се Иван Посошков и др. Анализирајќи ја состојбата тие заклучиле дека е потребно да се забрани извозот и трговијата со земјите потенцијални агресори. Исто така предлагале и забрана на извозот на производи кои се наменети за воени потреби — принципи кои не се надминати до денес. Интересно е тоа што белег врз ова учење оставиле и двајца Југословени од хрватско потекло и тоа: Јурај Крижаниќ и Мате Влачиќ и двајцата теолози по образование.

Крижаниќ напишал 20 труда, се залагал за: идејата за обединување и ослободување на Словените; за интензивна трговија; за забрана на увоз на стока која не е неопходна; за развој на индустријата која ќе користи домашни суровини; за увоз на квалификувана работна рака и сл.

Влачиќ кој објавил стотина трудови се залагал за активен однос на државата во развојот на трговијата, индустријата, земјоделството и сообраќајот. Исто така тој бил против злоупотребата на власта за своја корист и предлагал владетелите власта да ја насочат кон создавање благосостојба на поданиците.

И покрај размислувањата за лоцирањето на местото и улогата на воената сила во општеството, меркантилизмот не успеал докрај во тоа, што пак им пошло од рака на претставниците на класичната политичка економија. Тие особено извршиле анализа на условеноста и зависноста на стопанството и одбраната, односи кои остануваат актуелни до денешен ден. Постудиозни анализи на оваа тема особено направија следните мислители:

— William Petty (1623—1687), се обидел да навлезе во внатрешната суштина, поврзаност и меѓузависност на политичките и економските појави во општеството. Покрај останатото во своите трудови овој теоретичар се занимавал со стопански и воени проблеми при што посебно ги истражувал можностите на својата земја од воен аспект како и можностите на потенцијалните непријатели. Како создавач на политичката аритметика Petty во изучувањето на воено-економските проблеми и односи ги вовел математичко-статистичките методи и научно-истражувачките инструменти.

---

[12] Акад. Кирил Миљовски, „Развојот на економската мисла", Култура, Скопје 1981.

— Charles Devenant, вршел темелни анализи на начинот на собирањето и ангажирањето на средствата за воените потреби во тоа време.

— Adam Smith, според кој за создавање на националното богатство се битни: производството, суровините и воената сила на земјата. Годишното производство ги детерминира можностите за водење војна и за воената сила воопшто. Економската сила на земјата е одлучувачкиот фактор во подготовките на воената сила во мир и за успешно делување во војна. Тој заговара нужност за воени подготовки во мир кои нужно претставуваат товар за современата цивилизација. Воените издатоци го успоруваат стопанскиот развој. Поголеми издатоци за современо оружје и силна војска можат да поднесат само најразвиените земји.[13]

Интересно е учењето на Смит за потребата и оправданоста за воведување селективни царини кои ќе имаат позитивно влијание врз одбраната и воената сила. Тој сметал дека одбраната на земјата е на прво место, па затоа во одредени услови иако услугите и производите што ги нудат странските производители се поевтини од домашните, сепак, треба да се откажеме од нив. Особено инсистирал на заштита на индустриските гранки кои произведуваат производи значајни за одбраната, бидејќи одбраната и мирот на земјата се поважни од благосостојбата.

За корелацијата на стопанството и одбраната особен интерес покажал и David Ricardo (1772—1823). Во своите истражувања тој особено внимание им посветил на економските ефекти од вложувањата во економската сфера.[14] При анализата на овие соодноси Рикардо дошол до заклучок дека во услови на водење на подолготрајна војна настануваат крупни и суштински проблеми во стопанството. Овие проблеми особено доаѓаат до израз при преминот на стопанството од воени во мирновремени услови на работа. Интересно е што тој уште во тоа време увидел дека постои меѓусебна поврзаност помеѓу воената сила и стопанството, како и тоа дека иако навидум војната донесува корист сепак таа има негативно влијание врз повеќето фактори на развојот (пред сѐ: работната сила, природните ресурси и капиталот). Исто така, тој ги истражувал законитостите кои владеат во оптекот на парите во услови на водење војна, и во таа смисла задолжувањето на земјата поради водење на војна и последиците врз стопанскиот живот.

Според Рикардо, вложувањето на средства за воените потреби значи директно растурање на општествениот капитал: „Вложувањето на капитал за оваа намена доведува до намалување на капиталот за индустриското производство“. Тој за пример со негативна економска конотација ги земал војните на Наполеон од Франција. Овој мислител особено е значаен и по тоа што инсистира на изучување

---

[13] Адам Смит, „Истраживање природе и узроке богатства народа“ Култура, Загреб 1952 година.

[14] Давид Рикардо, „Начела политичке економије“ Култура, Загреб 1953 год.

и откривање на законитостите кои се владеачки во општеството, а особено помеѓу класите и врз база на тие законитости ги согледува останатите општествено-економски и воено-економски прашања. Тоа му овозможило приближно објективно да ги анализира општествените, а пред сè економските појави и нивното влијание врз јакнењето на воената сила, при што несомнено ограничувачки фактор била неговата класна припадност, од која не можел да се дистанцира.

Тоа што не им успеало на претставниците на класичната политичка економија во расветлувањето на односите стопански развој — воена сила, им успеало на класиците на марксизмот кои дадоа непроценлив придонес и за оваа материја. Истражувањата на објавените трудови на претставниците на ова учење, а особено на Маркс, Енгелс и Ленин, покажуваат дека тие особено ги третирале проблемите на:

— војската т.е. воената сила во општеството,

— вооружувањето и неговите импликации врз стопанството, и

— улогата и значењето на воената техника во вкупните општествени и економски односи.

Исто така тие ги втемелија научните постапки за:

— општествената суштина на воената сила и карактеристиките на војните,

— развојот и економските основи на воената сила,

— тесната поврзаност на проблемите во општеството со проблемите на воената сила,

— поврзаноста помеѓу законитостите кои владеат во општеството, особено во економската сфера и оние во воената сфера,

— општествените фактори и нивното значење за воената дејност,

— улогата на човечкиот фактор за воената дејност и војната итн.

Анализирајќи го влијанието на материјалната основа на општеството врз воената дејност тие изградија одредени поставки кои сеуште не се научно оспорени. Тие во основа се состојат во следното:[15]

1. Општествено-економските односи се основната детерминанта која ја одредува суштината на воената сила.

2. Сите законитости кои се манифестираат во развојот на општествено-економските односи се релевантни и за развојот на воената сила.

3. Воената сила е производ на класните држави, па е историска категорија и ќе нестане со одумирањето на државата.

Маркс, како основоположник на ова учење во своето дело „Критика на политичката економија“ ги изнел своите видувања за овие законитости, при што вели дека „создавањето на вишокот на

---

[15] Д-р Трајан Гоцевски, „Политичкиот и економскиот систем во ОНОВ“, Универзитет „Кирил и Методиј“, Скопје 1990 год.

вредноста водеше кон територијализација на заедниците, тоа пак отвора простор за насилства помеѓу заедниците и нееднаквост, кое пак води кон експлоатација на едни од други, што е причина за појавата на организирана воена сила која се вооружува, значи побарува производство на оружје и опрема, а кое пак зависи од економската моќ на државата (заедницата)“[16].

Исто и Енгелс зборува дека: „Нема ништо позависно од економските предуслови на земјата, од војската и флотата; вооружувањето, составот, организацијата, тактиката и стратегијата зависат од постојниот степен на производство и од комуникациите.“ Исто така, тој ја потврдува и законитоста дека со парастот на развиеноста на земјата растат, па дури и побрзо, трошоците за издржување и опрема на армиите, при што најбрзо и структурно најмногу го зголемил уделот на средствата за оружје. Така на пример, издвојувањата за оружје и воена техника во Германија и другите земји во 1870/71 година учествувале со 13—15%; Русија во 1912/13 год. со 24%; во војната СССР — Јапонија 1904/5 со 25%; во Првата светска војна 60% а во Втората светска војна 70—75%.

Анализирајќи ги законитостите во општеството и улогата на воената сила во него, и Ленин дошол до заклучок дека врската помеѓу воената организација на општеството и нејзиниот економски и културен просперитет станува сè поизразена и потесна, што помеѓу нив тешко може да се повлече граница.[17] Во тоа време во Русија доаѓа до значајно подобрување на условите за работа на индустријата, особено на тешката и индустријата за воено производство, бидејќи се тврдело дека таа е темел на социјализмот и на неговата воена сила. Во таа смисла Ленин ќе заклучи дека „само тогаш кога земјата ќе биде електрифицирана, кога индустријата, земјоделството и сообраќајот ќе добијат техничка основа во современа крупна индустрија, тогаш конечно ќе победи социјализмот“. Исто така, тој вели дека во современата војна економската организација има одлучувачко значење.

Значаен е Лениновиот придонес за мирновремените подготовки како посебна воена дејност. Тој истакнува дека за војна мора да се подготвува долго, сериозно, почнувајќи од економското подигање на земјата, бидејќи не е можно да се води војна против современиот империјализам без војска, без најсериозни стопански подготовки, без единствено командување, централизација на сите извори, сообраќајни средства и снабдување. Посебно значење при тоа им се дава на резервите, сопствената технологија и правилното насочување на националниот доход. При тоа во ниеден случај не е испуштен човечкиот фактор кој сепак го има последниот збор за воениот успех. Така оваа теза се потврди и во Втората светска војна и по неа во СССР, Југославија, Кина, Виетнам, Камбоџа и др., каде човечкиот фактор одигра пресудна улога во решавањето на исходот од војните иако непријателот имаше техничка надмоќ.

---

[16] Карл Маркс, „Критика на политичката економија“.

[17] Фридрих Енгелс, „Антидиринг“. Напријед, Загреб 1967 година.

Специфичноста на ова учење се огледа и во тоа што воената сила никогаш не е разгледувана изолирано, туку напротив, во целината на општествената репродукција, при што ги отфрла двете дијаметрално спротивни теории, според кои едната ѝ дава пресудно и одлучувачко значење на воената сила како единствена општествена сила и другата според која воената сила е маргинална општествена појава и дека производството на оружје и опрема нема автономно влијание врз општествените односи[18].

Накратко, сфаќањата на претставниците на марксистичкото учење може да се искажат низ неколку основни ставови и тоа:

— Појавата на приватната сопственост условува поделба на општеството на класи, потоа се појавува експлоатација од владеачката класа врз останатите слоеви што класната држава го санкционира и создава инструменти за принуда (војска, полиција и сл.) во кои ја одржува власта.

— Воената сила е општествена појава која е во функција на владеачката класа па затоа таа е олицтворение на општествено-економските односи од кои произлегува и на кои им служи.

— Воената сила е тесно поврзана со развојот на стопанството па обликите на вооружената борба се менуваат во согласност со развојот на стопанството и општеството во целина. Исто така развојот на воената сила влијае врз развојот на стопанството и тоа позитивно или негативно.

— Мирновремените подготовки за одбрана се неопходни, а особено се значајни во индустријата, земјоделството, сообраќајот како и резервите и подготовките на населението.

— Човечкиот фактор има значајна улога во одбраната на земјата, па затоа во услови на војна конечниот исход зависи од активниот и творечкиот однос на населението.

Од Втората светска војна до денес воено-економската мисла се развива согласно општествено-економските и политичките промени кои во последната деценија настанаа и настануваат во Европа и светот глобално. Теоретичарите настојуваат оваа општествена појава да ја лоцираат на нејзиното право место, но поради брзите промени и непредвидливите манифестации во тоа тешко успеваат. Поради тоа, за поцелосна систематизација на научната мисла од оваа област, за последните неколку децении е потребна нужна временска дистанца. Во овој труд ќе се обидеме само да ги посочиме правците на развојот на научната мисла за одбраната, кои се актуелизирани во осумдесеттите години од овој век. Така, француските учени сметаат дека прашањата на војната (одбраната) се вткаени во општественото ткиво и се иманентни како и борбата за власт; идеолошките несогласувања, верските борби и сл. Според тоа економските фактори се значајни но не и пресудни за феноменот на

[18] В. И. Ленин, „Избрани дела", Мисла, Скопје, 1975 год.

војната. Според тоа покрај економските фактори кои ја детерминираат војната, присутни се и други, како што се политичките, верските, стратегиските, психолошките и сл.

Во расветлувањето на економските аспекти на одбраната, особено место заземаат нобеловците Vasilij Leontijev, Jean Timbergen, Gurnaz Mirral и Lorens Klain, кои се обидуваат оваа појава да ја дефинираат како феномен на моќта и развојот. Интересно е и мислењето на Robert Maknamara кој смета дека воено-индустрискиот комплекс е неопходна нужност за обезбедување на општествената и економската надмоќ (на САД) во земјата и на меѓународен план и како сурогат на факторите за борба против хиперпродукцијата. Исто така, тој смета дека односот на доминацијата во светот е значаен за богатството на воените сили. Слично мислење има и Žak Atalie, кој војната ја гледа како екстремна манифестација на индустриската конкуренција, поттикнување на побарувачката, ставање во погон на производните сили на земјата како и трансформација на начинот на потрошувачката и општествените навики.

Jozef Šumpeter, тврди дека воената функција не е капиталистичка активност, таа треба да се сведе на што поразумни граници со што ќе се подобрат економските перформанси на националните економии и ќе се потпомогне борбата против немаштијата. Тој смета дека војната ги нарушува правилата на економската игра; бидејќи ја уништува конкурентската способност, ги намалува продуктивните иновации, јакне воено-индустрискиот комплекс, се развива бирократијата и сл.

Кејнзијанската школа при анализата на овие проблеми особено внимание посветува на општествените и економските последици на трката во вооружувањето, а не на причините за војна. Нејзиниот основоположник Kejnz, се занимавал и со проучување на прашањето за раководењето со воеhistото стопанство. Тој се залагал за такви мировни спогодби кои нема претерано да ги осиромашуваат победените и послабите земји, со што ќе се избегнат новите нерамнотежи а со тоа и војната. Во рамките на тоа трошоците за одбраната ги третирал како корисни за подобрување на меѓународната безбедност на земјите.

Во последно време, особено во осумдесеттите години, се развиваат нови гледања за феноменот на војната, кои се движат во правец на изнаоѓање оптимален сооднос во распределбата на новосоздадената вредност, при што секторот на воената потрошувачка треба да добие сè помало структурно учество. Притоа, се развиваат нови теории за супституција на воениот фактор како доминација и негова замена со технолошката супериорност, економската надмоќ, идеолошката и верската спротивставеност, територијалната недефинираност, националните и етничките нејаснотии итн.

Со еден збор, се прошируваат факторите на војната и арсеналот на мерките на настап, кои се разликуваат по форма, содржина, квалитет и интензитет од класичните мерки и активности во воената сфера.

TRAJAN GOCEVSKI

# PENSEE MILITAIRE ET ECONOMIQUE

(R é s u m é e)

L'organisation des mécanismes de défense et de protection fait partie du développement des sociétés à côté des autres suppositions d'existance.

Parallèlement avec l'apparition des forces armés, la pensée philosophique, économique et militaire s'est développée aussi en suivant tous les legitimités dans ce domaine.

Dans les discours théoretiques des classiques du marxisme, l'eclaircissement des relations développement économique-force militaire atteignit son appogée, tandis que les conséquences provoquées du fénomène de la guerre sont un indicateur indubitable pour la course aux armements.